**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр.08-1255/3
25.03.2025 година
Велес

До
- Претседателот на Советот на Општина Велес
- Советничка група Левица

Врз основа на член 151 став 3 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/07,03/09,18/10 и 1/21), советничката група на Левица достави Иницијатива за донесување Заклучок со кој ќе се задолжи самостојното одделение во склоп на Општина Велес – одделение за инспекциски надзор да доставува квартален извештај за работата до Советот на Општина Велес кој ќе биде разгледуван како информација на редовна седница на Советот на Општина Велес, која согласно член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Велес беше доставена за разгледување и произнесување.

## ОДГОВОР НА ПОДНЕСЕНА ИНИЦИЈАТИВА

Согласно доставената Иницијатива сакам да ве известам за следното:

Надлежноста на советот е регулирана во член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24).

Согласно законските и подзаконските акти во кој се регулирани надлежностите на советот секаде е регулирано дека Советот може да поднесува иницијативи за донесување на прописи **од надлежност на советот**. Согласно член 194 од Деловникот на советот е регулирано дека Советот може да побара од Градоначалникот или од органите на управување на јавните служби што ги основала Општината, извештај за состојбите во определена област, извршување на прописите и другите општи акти што ги донел советот во рамки **на своите надлежности** и за други работи кои се овластени од советот. Согласно ова советот има надлежност да бара информации, извештаи за правни лица кои се основани од општината и за кои во законите lex specilalis е ругулирана надлежноста на советот.

Во член 50 од Законот за локалната самоуправа се регулирани надлежностите на Градоначалникот и согласно став 1 алинеја 13 и 14 од истиот член Градоначалникот **раководи** со општинската администрација и одлучува за правата и должностите на вработените во општинска администрација.

Согласно Одлуката за внатрешна организација на Општина Велес одделението за инспекциски надзор е самостојно одделение и до мене како работодавец доставува полумесечни извештаи за секој инспектор, месечен извештај

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

и шест месечен извештај согласно обрасците од подзаконските акти од Законот за инспекциски надзор. Исто така секој инспектор изработува годишен план, и месечни планови. Иако никаде во Законот за инспекциски надзор не е обврзувачки да се доставуваат до работодавецот извештаи за работата на ова одделение, Раководителот на одделението за инспекциски надзор редовно ги доставува до мене, а шест месечниот извештај за работа на одделението за инспекции е ставен и на веб страната на општина Велес со тоа нивната работа е транспарентна и даваат отчетност за сработеното. Врз основа на член 27 од Законот за инспекциски надзор Раководителот на инспекциската служба за својата работа одговара пред функционерот односно раководното лице на соодветниот орган односно градоначалникот, во чии рамки работи инспекциската служба.

Согласно изнесеното давам негативно мислење во однос на доставената Иницијатива со број 25-1255/1 за донесување на Заклучок со кој ќе се задолжи самостојното одделение во склоп на Општина Велес–одделение за испекциски надзор да доставува Квартален извештај за Советот на Општина Велес кој ќе биде разгледуван како информација на редовна седница на Советот на Општина Велес, бидејќи никаде во правната регулатива не е дадена надлежност **одделенијата/секторите во општина Велес да доставуваат Квартални извештаи за нивната работа до СОВ**.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Со почит,

Изработил: Александра Иванова
Одобрил: Анита Пивкова



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Архивски број: 21-765
Датум: . 05.08.2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 12 -08- 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08- | 1255/4 | | |

До: Општина Велес
Г-дин, Марко Колев градоначалник
ул. Панко Брашнар бр.1, Велес
1400 Велес

**Предмет:** Доставување на Записник

Почитувани,

На ден 04.08.2025 година, инспекторот од Државниот инспекторат за локална самоуправа, изврши вонреден инспекциски надзор, во просториите на општина Велес, Согласно член 82 став (3) и (4) од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на Република Македонија бр.102/2019) е донесен Записник 21-765 од 05.08.2025 г, која Ви ја доставуваме во прилог.

Со почит,

Прилог:
Записник бр. 21-765 од 05.08.2025 година

Државен инспектор за локална самоуправа
Memetaki Rexhepi

Државен инспекторат за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje
Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 49 влез 001, кат приземје, 1000 Скопје
Rr. Mitropolit Teodosij Gologanov Nr. 49 hyria 001, kati përdhesë, 1000 Shkup
Tel: +389 2 3256 762
E-mail: info@dils.gov.mk
Web: http://www.dils.gov.mk

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

Број: 21-765

Датум: 05.08.2025

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Општина Велес | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. Панко Брашнар бр.1, 1400 Велес | |
| Адреса за е-пошта | opve@veles.gov.mk | |
| Телефон | +389 43 232 406 | |
| Матичен број на субјектот | 6017282 | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Марко Колев | | |
| Градоначалник на општина Велес | | |
| | | |
| | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | *2. ВОНРЕДЕН* | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 04.08.2025 | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11:30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 05.08.2025 | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Општина Велес | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ЕЛС Велес | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. Панко Брашнар бр.1, 1400 Велес | | |


Министерство за локална самоуправа Државен инспекторат за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje Lokale i
Бул. Гоце Делчев бр. 18 , кат 12, 1000 Скопје
Rr. Goce Delicev Nr. 18 , kati 12 1000 Shkup
Tel: +389 2 3256 762
E-mail: info@dils.gov.mk
Web: http://www.dils.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец Август, од 2025 година;
2. налог издаден од Директор на инспекциската служба, бр.Ип1 03-2/8 од 04.08.2025 год;
3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. __________ од _________ година;
4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број 21-765 од 05.08.2025 година

4) Инспекцискиот надзор е извршен од

- Меметаки Реџепи - Државен инспектор

- Илина Трајановска-Државен инспектор

5) Предмет на инспекцискиот надзор е доставување на иницијатива за вонреден инспекциски надзор под наш арх.број 21-765, од 28.07.2025 година, од Советничка група на ПП „Левица„ при Совет на општина Велес, преку координатот Димитар Абрашев, со сомневање за прекршување на следниве одредби од Деловникот за работа на Советот на општина Велес од Претседател на Совет на општина Велес, и тоа, член 30 став 7, член 60 став 2 и член 151 став 5 од Деловникот за работа на Совет.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник,

   Не се употребени листи за проверка бидејќи се работи за вонреден инспекциски надзор

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Марија Четмова | 071 378693 | marija.catmova@veles.gov.mk |
| Секретар на Општина Велес | | |
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | Славица Переска | Рак.на Одд. За инспекциски надзор |
| 2. | Сања К Игновска | Советник инспектор за утврдување на наплата на |


Министерство за локална самоуправа Државен инспекторат за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje Lokale i
Бул. Гоце Делчев бр. 18 , кат 12, 1000 Скопје
Rr. Goce Delcev Nr. 18 , kati 12 1000 Shkup
Tel: +389 2 3256 762
E-mail: info@dils.gov.mk
Web: http://www.dils.gov.mk

| Име и презиме | Својство |
|---|---|
| | данокИн |
| 3. | |

9) Инспекторот, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

На 18.02.2025 година до Претседателот на Совет на општина Велес, од страна на Советничка група на ПП „Левица„ при Совет на општина Велес, преку координатот Димитар Абрашев, согласно Статутот и Деловникот за работа на советот и одредбите од закон за локална самоуправа, е поднесена Иницијатива за донесување Заклучок, со кој ќе се задолжи самостојното одделение во склоп на општина Велес – Одделение за инспекциски надзор да доставува квартален извештај за работата до Советот на општина Велес кој ќе биде разгледуван како информација на редовна седница на Советот на општина Велес, заведена под арх..бр.25-1255/1. Од страна на Претседателот на Совет на општина Велес, иницијативата е упатена до Градоначалникот на општина Велес заради давање мислење. Добиено негативно мислење од старана на Градоначалникот, заведено со арх.бр.08-1255/3 од 25.03.2025 година.

На 65-та седница на Совет на општина Велес, одржана на 25.06.2025 год. од страна на советник од Советничка група на ПП „Левица„е побарано од Претседателот на Советот и општинската администрација, иницијативата да биде доставена до сите советници и да биде составен дел од дневниот ред на наредната 66-та седниза.

На решението за свикување на 66-та седница на Советот на општина Велес со бр.25-3614/1 од 14.07.2025 год. во предложениот дневен ред не е содржана поднесената иницијатива за донесување заклучок, со кој ќе се задолжи самостојното одделение во склоп на општина Велес – Одделение за инспекциски надзор да доставува квартален извештај за работата до Советот на општина Велес кој ќе биде разгледуван како информација на редовна седница на Советот на општина Велес.

Од страна на општинската администрација ни се приложува бараната документација и тоа:

- Иницијатива од Советничка група на ПП „Левица„ при Совет на општина Велес, преку координатот Димитар Абрашев, со бр. 25-1255/1 од 18.02.2025г
- Записник од 65 – седница на Советот на општина Велес од 25.06.2025 год.
- Иницијатива доставено до Градоначалникот за давање мислење, пратено од Претседател на Советот на општина Велес


Министерство за локална самоуправа Државен инспекторат за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje Lokale i
Бул. Гоце Делчев бр. 18 , кат 12, 1000 Скопје
Rr. Goce Dellcev Nr. 18 , kati 12 1000 Shkup
Tel: +389 2 3256 762
E-mail: info@dils.gov.mk
Web: http://www.dils.gov.mk

- Одговор на поднесена иницијатива до Претседатеот на Советот на општина Велес и Советничка група Левица, бр.08-1255/3 од 25.03.2025г.

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;

2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:

Согласно член 43 став 2 и 3 од Закон за локална самоуправа, членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на градоначалникот. и дека членот на советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во советот.

Согласно член 36 став 1 алинеа 9 од Закон за локална самоуправа, Советот ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината;

Во Деловникот за работа на Советот на општина Велес согласно член 194 став 1 е прецизирано дека Советот може да побара од Градоначалникот или од органите на управување на јавните служби што ги основала општината, извештај за состојбите во определена област, извршување на прописите и другите општи акти што ги донел советот во рамки на својата надлежност, како и за други задачи за кои се овластени од страна на Советот.

Во конкретниот случај одделенијата за инспекциски надзор немат законска обврска да доставуват извештај до Советот, бидејќи *Советот ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала општината*, исто така одделенијата за инспекциски надзор е самостојно одделение кој што одговара пред Градоначалникот, согласно член 19 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19, 272/24 и 22/25). .

. **Се запира** постапката согласно член 83 став 5 од Закон за инспекциски надзор

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

11) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

Нема забелешки

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот: | |
| Датум: | 05.08.2025 година | Датум: | 05.08.2025 година |

***Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.***


Министерство за локална самоуправа Државен инспекторат за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje Lokale i
Бул. Гоце Делчев бр. 18 , кат 12, 1000 Скопје
Rr. Goce Dellcev Nr. 18 , kati 12 1000 Shkup
Tel: +389 2 3256 762
E-mail: info@dils.gov.mk
Web: http://www.dils.gov.mk

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр.08-1255/3
25.03.2025 година
Велес

До
- Претседателот на Советот на Општина Велес
- Советничка група Левица

Врз основа на член 151 став 3 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/07,03/09,18/10 и 1/21), советничката група на Левица достави Иницијатива за донесување Заклучок со кој ќе се задолжи самостојното одделение во склоп на Општина Велес – одделение за инспекциски надзор да доставува квартален извештај за работата до Советот на Општина Велес кој ќе биде разгледуван како информација на редовна седница на Советот на Општина Велес, која согласно член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Велес беше доставена за разгледување и произнесување.

## ОДГОВОР НА ПОДНЕСЕНА ИНИЦИЈАТИВА

Согласно доставената Иницијатива сакам да ве известам за следното:

Надлежноста на советот е регулирана во член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24).

Согласно законските и подзаконските акти во кој се регулирани надлежностите на советот секаде е регулирано дека Советот може да поднесува иницијативи за донесување на прописи **од надлежност на советот**. Согласно член 194 од Деловникот на советот е регулирано дека Советот може да побара од Градоначалникот или од органите на управување на јавните служби што ги основала Општината, извештај за состојбите во определена област, извршување на прописите и другите општи акти што ги донел советот во рамки **на своите надлежности** и за други работи кои се овластени од советот. Согласно ова советот има надлежност да бара информации, извештаи за правни лица кои се основани од општината и за кои во законите lex specilalis е ругулирана надлежноста на советот.

Во член 50 од Законот за локалната самоуправа се регулирани надлежностите на Градоначалникот и согласно став 1 алинеја 13 и 14 од истиот член Градоначалникот **раководи** со општинската администрација и одлучува за правата и должностите на вработените во општинска администрација.

Согласно Одлуката за внатрешна организација на Општина Велес одделението за инспекциски надзор е самостојно одделение и до мене како работодавец доставува полумесечни извештаи за секој инспектор, месечен извештај

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

и шест месечен извештај согласно обрасците од подзаконските акти од Законот за инспекциски надзор. Исто така секој инспектор изработува годишен план, и месечни планови. Иако никаде во Законот за инспекциски надзор не е обврзувачки да се доставуваат до работодавецот извештаи за работата на ова одделение, Раководителот на одделението за инспекциски надзор редовно ги доставува до мене, а шест месечниот извештај за работа на одделението за инспекции е ставен и на веб страната на општина Велес со тоа нивната работа е транспарентна и даваат отчетност за сработеното. Врз основа на член 27 од Законот за инспекциски надзор Раководителот на инспекциската служба за својата работа одговара пред функционерот односно раководното лице на соодветниот орган односно градоначалникот, во чии рамки работи инспекциската служба.

Согласно изнесеното давам негативно мислење во однос на доставената Иницијатива со број 25-1255/1 за донесување на Заклучок со кој ќе се задолжи самостојното одделение во склоп на Општина Велес–одделение за испекциски надзор да доставува Квартален извештај за Советот на Општина Велес кој ќе биде разгледуван како информација на редовна седница на Советот на Општина Велес, бидејќи никаде во правната регулатива не е дадена надлежност **одделенијата/секторите во општина Велес да доставуваат Квартални извештаи за нивната работа до СОВ**.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Со почит,

Изработил: Александра Иванова
Одобрил: Анита Пивкова



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*